Република Македонија
Министерство за образование и наука

*Скопје, 1. март 2018*

# ДОНАТОРСКА КООРДИНАЦИЈА

# СОСТАНОК НА СЕКТОРСКА РАБОТНА ГРУПА

## *СЕКТОР „ОБРАЗОВАНИЕ, ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА“*

# ОБРАЗОВАНИЕ

## СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**Структура на Стратегија за образование 2018-2025**
Секој столб опфаќа: преглед на состојбата и досегашните активности, идентификување на предизвиците, дефинирање на приоритетите и очекуваните исходи кои треба да се постигна, како засебен дел е и Акцискиот план.

***Визијата*** е определена со заложбата да се обезбеди *сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“, со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент*.
Во овој контекст, под терминот „ученик“ се подразбира секој учесник во воспитниот и/или образовниот процес.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ - Најзначаен предизвик:**

Опфатеноста на децата во предучилишното образование е ниска, постоечкиот систем нема капацитети за зголемен опфат. Стапката на офатеност е најниска токму кај припадниците на маргинализираните заедници, кај кои е и најсилна тенденцијата кон осипување, има тешкотии во достигнувањето на стандардите за рано учење и развој и ниски постигања во учењето;

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Оптимизирање на бројот на деца во градинките,
- Обезбедување на неопходните физички услови (простор, игрални и игралишта, мебел, спортска опрема итн.) на установите за деца
- Зголемување на свеста на вработените во предучилишните установи и родителите за неопходноста да се прифатат децата со развојни потешкотии
- Воведување и разработување на систем за професионален развој и напредување во кариерата за воспитувачите во предучилишните установи и останатите вработени
- Воспоставување механизам за вистинско вклучување на семејството и заедницата во планирањето и спроведувањето на воспитно образовната работа и управувањето со предучилишните установи

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - Најзначаен предизвик:**

Образовните постигања на учениците се ниски, што се покажува на резултатите на меѓународните тестирања. Недостасуваат стандарди кои би требало да ги дефинираат резултатите од учење во секој циклус (I, II, III) на основното образование, а наставниот план е преоптоварен. Во повеќето училишта недоволно или несоодветно се предава граѓанско образование, образование за животни вештини (ОЖВ), а претприемачките вештини се на ниско ниво и кај учениците и кај наставниците.

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Воведување механизам за финансиска и друг вид поддршка на училиштата со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција
- Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на основното образование од страна на децата во воспитно-поправните домови
- Воведување на одржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование
- Унапредување на оценувањето за учење по математика и природни науки
- Осовременување на системот за обезбедување контрола на квалитетот
- Развивање и воведување на Национален стандард за секој циклус од основното образование со јасно определени резултати од учење и со посебно внимание на инклузивноста, почитувањето на различностите, правата на децата и демократската култура
- Зголемување на бројот на училишта во кои има модерни услови за остварување на образовниот процес, воведена ИБ Програма, како и безбедна училишна
- Изготвување и спроведување политики што ќе овозможат на педагошките факултети да се запишуваат учениците кои постигнале подобар успех во средните училишта
- Воведување механизам за пилотирање и вреднување на иновациите во основното образование и определување средства за поддршка на тие иновации

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**ОПШТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ - Најзначаен предизвик:**

Наставните планови се преоптоварени и сѐ уште постојат наставни програми што се застарени и не овозможуваат континуитет на когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците, не овозможуваат интегриран пристап во изучувањето на појавите, не ги развиваат доволно генеричките и клучните компетенции, не ги поддржуваат модерните пристапи за одржување на наставата и не ги отсликуваат актуелните социјални процеси.

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Изработување и воведување на Национален стандард за средното образование
- Воспоставување одржлив модел за продолжување (завршување) на средното образование од страна на учениците во воспитно-поправните домови
- Оптимизирање на организацијата на работата на училиштата и организирањето на часовите
- Зајакнување на функционирањето на ученичките тела на ниво на училиште
- Основање на Центар за талентирани ученици

СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА - Најзначаен предизвик:**
Стручното образование и понатаму не привлекува доволен број на ученици, особено кога се работи за двогодишното/тригодишното стручно образование. Сè уште не е воспоставен современ систем на постсредно образование; капацитетите на системот на СОО за обезбедување на инклузивно образование се мошне ограничени; Се забележува несовпаѓање меѓу понудата на кадри и побарувачката на пазарот на работна сила; системот за воведување на нови квалификации е нефлексибилен и неделотворен, а соработката со бизнис сектор е недоволна и неефикасна.

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Воведување на флексибилен и ефикасен механизам за изготвување на Стандарди на занимања и Стандарди за квалификации засновани на резултати од учење, кои ги исполнуваат потребите на пазарот на трудот
- Изготвување модуларни наставни програми во согласност со новите Стандарди за квалификации засновани на резултатите од учењето
- Воспоставување систем за континуирано следење на ученици што завршиле СОО
- Воспоставување современ и ефективен систем за постсредно образование
- Оптимизирање на системот на стручно образование и обука
- Воспоставување СОО центри на извонредност

## СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИИ - Најзначаен предизвик:**
Недоволниот квалитет на одредени факултети и универзитети е проследен со нецелосно функционален систем за акредитација и евалуација на универзитети; еден дел од студиските и предметните програми не одговараат на потребите на пазарот на трудот;

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Реформирање на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование
- Подобрување на системите за интерна контрола на квалитетот во високото образование
- Воспоставување систем на континуирана трејсер студија на дипломираните
- Воспоставување Опсерваторија на вештини
- Изготвување Концепт за одржување на студентските домови
- Воведување нов систем за финансирање на високото образование заснован на индикатори за завршена работа
- Формирање институционален механизам за трипартитна соработка помеѓу државата – академијата– бизнис заедницата

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**УЧЕЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ - Најзначаен предизвик:**

Постои неусогласеност помеѓу побарувачката и понудата на образование на возрасни која е резултат од недостатокот на информации за потребите од работната сила најмалку на среден и долг рок.

Ниската свест на населението за можностите и придобивките од бразованието на возрасни лица придонесува кон ниска мотивираност на возрасните да учествуваат во доживотното учење, додека друга причина за тоа е отсуството на систем за валидирање на неформалното и информалното учење (ВНИУ)

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Воспоставување на системот за валидирање на неформалното и информалното учење (ВНИУ)
- Ревидирање и поедноставување на процедурите за верификација на програмите за неформално образование за возрасни и за верификација на давателите на услуги
- Развивање на информациски систем  за програмите за образованието на возрасни лица и давател/и на услуги

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**ОПШТИ/ЗАЕДНИЧКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ - Најзначаен предизвик:** Системско разгледување и усогласување на постојните закони со кои се регулираат различни нивоа и аспекти на образовниот систем, како и дејностите на различни институции. Воспоставување на сеопфатен системи за собирање и обработка на статистички и административни податоци, со точни и навремени податоци.

**Дел од предвидените мерки во стратешкиот документ**

- Ревизија, подобрување и усогласување на постојното законодавство во областа на образованието
- Донесување на нов Закон за високо образование
- Анализа и поддршка за постепена трансформација на дел од специјалните училишта во ресурни центри
- Ревидирање на структурата, содржината и механизмите за пристап до ЕМИС
- Подобрување на официјалниот систем за прибирање статистички податоци
- Употреба на ИКТ во процесот на учење
- Воспоставување структура за социјално партнерство за образовниот сектор
- Воспостаување на структури за МРК
- Мониторинг на процесот на спроведување на Стратегијата

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ 2018-2025

**Подобрување на капацитетите на националните институции и обезбедување мониторинг и евалуација на Стратегијата**

- Обука на националните институции за изработка, спроведување, следење и евалуација на образовните политики и за управување со образовниот систем се систематизирани
- Обезбедување повратни информации за процесот на спроведување на Стратегијата
- Обезбедување на ефикасно и ефективно спроведување на Стратегијата
- Обезбедување повратни информации за тоа дали исходите на Стратегијата се постигнати и информации за понатамошни одлуки поврзани со образовните политики

# РЕФОРМИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО и СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## РЕФОРМИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

- Ревидирање на стандардите за рано учење и развој и подобрување на програмата за предучилишно воспитание и образование
- Закон за предучилишно воспитание и образование
- Обуки на раководниот и воспитно-образованиот кадар во детските градинки

РЕФОРМИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО и СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## РЕФОРМИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

- Континуирано следење и подобрување на квалитетот во основното образование (нови и/или ревидирани наставни програми, советодавна поддршка, имплементирање и следење на реализацијата на проекти за подорбување на квалитетот на наставата и учењето – Математика со размислување, Јазична писменост, Меѓуетничка интеграција, Инклузивно образование итн).
- Развивање и воведување на Национален стандард за секој циклус од основното образование ( I-III, IV-VI, VII-IX одделение) со јасно определени резултати од учење
- Ревидирање на Наставните планови и програми ( I-III, IV-VI, VII-IX одделение) во согласност со Националниот стандард
- Обуки на наставниците (од страна на Бирото (со воведување и на онлајн обуки), обуки од акредитирани установи, обуки преку определени проекти)
- Активности за инклузивно образование согласно акциски план

# РЕФОРМИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО и СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

## РЕФОРМИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

- Развивање и воведување на Национален стандард за средното образование со јасно определени резултати од учење
- Ревидирање на Наставните планови и програми во согласност со Националниот стандард
- Обуки на наставниците (од страна на Бирото (со воведување и на онлајн обуки), обуки од акредитирани установи, обуки преку определени проекти)
- Активности за инклузивно образование согласно акциски план

## ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Целосна функционалност на Националната рамка на квалификации (НРК) со вклученост на работодавачите во сите фази од процесот
- Јакнење на улогата на работодавачите во образовниот процес преку операционализација на Секторските комисии
- Формирање на секторските комисии
- Обезбедување на поголемо совпаѓање помеѓу понудените и побараните вештини во рамки на секоја квалификација/ занимање
- Учество на работодавачите во изготвување на стандарди на занимања, стандарди за квалификации, наставни програми
- Опремување на стручните училишта
- Континуирани обуки на наставниот кадар
- Зголемување на практичната настава кај работодавачите
- Развивање на систем за учење преку работа
- Дуално средно стручно образование
- Изготвување модуларни наставни програми засновани на резултати од учење

## ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Континуирано следење и анализирање на постигањата на учениците во текот на нивното образование, знаењата кои ги постигнуваат, вештините и компетенциите со кои се стекнуваат, нивното вработување - воспоставување на Опсерваторија на вештини
- Оптимизирање на системот за стручно образование и обука
- Основање Центри на извонредност
- Воспоставување национален систем за валидација на неформално и информално учење (ВНИУ) (Развивање на стандарди, програма, наставни материјали, обуки за обучувачите и советниците за ВНИУ)
- Стекнување на квалификација или дел од квалификација во неформалното образование заради брз развој на пазарот на трудот
- Регистар на сертификати за стекнати квалификации
- Обезбедување на квалитет (верифицирана програма, стандард на занимање, стандард на квалификација, верифицирана институција, оценување, тела кои ќе го следат секој процес)
- Операционализација на Концепцијата за основно образование на возрасните
- Обуки за возрасни лица во казнено – поправните институции
- Комплетирање на средното образование на возрасните

## ПРАКТИКИ НА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовани потреби
- Воведување на оддржлив модел за идентификација на училишни обврзници кои се надвор од училиштата во основното и средното образование и нивно следење до завршување на задолжителното образование
- Приспособување на зградите на основните/средните училишта според потребите на учениците со физичка попреченост
- Обука  на наставниците и стручните соработници за рано препознавање и работа со ученици со посебни образовни потреби
- Ангажирање на образовните и лични асистенти од страна на МОН
- Продолжување на  менторството/туторството за учениците роми
- Продолжување на стипендирањето на ученици роми

## ОЦЕНУВАЊА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

Развој на стратешка рамка за следење на постигањата на учениците и користење на резултатите од оценувањата за подобрување на квалитетот. Тоа би вклучувало:

- Воспоставување на систем на национални оценувања на постигањата на учениците;
- Ревизија на концептот на државна матура и завршен испит за учениците од средните стручни училишта, согласно реформските зафати во овој сектор;
- Концепт за систематска и целисходна употреба на информациите од националните и интернационалните оценувања, како и од интегралнта евалуација на училишно, локално и национално ниво;
- Континуирано учество во меѓународните студии (PISA, TIMSS, PIRLS) и изготвување на длабински анализи од податоците што се добиваат.
- Усовршување и надградба на системот за добивање на уверенија за директори на основни и на средни училишта
- Напредна обука за континуирано професионално усовршување на директори на основни и средни училишта